ЗДРУЖЕНИЕ
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА
ПРИЛЕП

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА ПРИЛЕП ЗА 2025 ГОДИНА

Јануари 2026

# Вовед

Водејќи се од мотото “*Нема поголема радост, ниту поголема награда од правење на позитивна промена во нечиј живот*”, Здружението Центар за развој и едукација Прилеп обезбедува информативна, едукативна и советодавна поддршка, како и социјални услуги за лицата во социјален ризик, додека истовремено активно учествува во креирање на локални и национални програми и мерки кои ќе донесат позитивни придобивки за граѓаните.

Визија - *Локални заедници каде секој еден е важен.*

Мисија - Создавање на можности за еднаков пристап до права, еднаков пристап до можности, еднаков пристап до ресурси и еднаков пристап до придобивките од националните и локалните политики за сите граѓани

Здружението Центар за развој и едукација Прилеп насочувајќи се кон обезбедување на социјални услуги за градење на инклузивно и праведно општество преку обезбедување на пристап до можности и услуги за ранливите групи на граѓани и обезбедување на рамноправно вклучување на сите лица во заедницата, спроведува иницијативи во партнерство со локалните општини, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанските организации.

Здружението Центар за развој и едукација Прилеп

- е давател на Социјална услуга Помош и нега во домот
- спроведува верификувана програма за образование на возрасни Негувател/ка за помош и нега на стари и немоќни лица
- обезбедува информативна и советодавна поддршка
- обезбедува социо-здравствена услуга Медицинска сестра во заедницата
- спроведува иницијативи за помош на лица во социјален ризик

**Секојдневно даваме придонес за создавање на инклузивни заедници на**

**еднаквост, рамноправност и можности за сите !!!**

**Здружение Центар за развој и едукација – Прилеп** е граѓанска, непрофитна и хуманитарна организација основана во **2009 година**, со цел да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на граѓаните преку развој на социјални услуги, едукација и поддршка на локалниот развој. Организацијата работи на унапредување на социјалната заштита, јакнење на капацитетите на заедницата и обезбедување поддршка за ранливите категории граѓани, со посебен фокус на стари лица, лица во социјален ризик и семејства кои се соочуваат со различни социјални предизвици.

Во текот на своето долгогодишно работење, здружението реализирало бројни проекти и иницијативи насочени кон развој на социјални услуги во заедницата, промоција на еднакви можности, подобрување на пристапот до информации и зајакнување на граѓанското учество. Активностите се спроведуваат во партнерство со локалните самоуправи, институции, граѓански организации и меѓународни партнери.

Од **2023 година**, Здружение Центар за развој и едукација – Прилеп е **лиценциран давател на социјалната услуга „Помош и нега во домот“**, со што активно придонесува за развојот на услугите во заедницата. Преку оваа услуга се обезбедува поддршка за стари и изнемоштени лица и други лица на кои им е потребна помош во секојдневното функционирање, овозможувајќи им да живеат достоинствено и независно во својата домашна средина.

Во **2024 година**, здружението започна со **дизајн, а од април 2025 година со испорака на нови интегрирани социо-здравствени услуги**, наменети за лица во социјален ризик. Овие услуги опфаќаат теренска поддршка во домот од **социјален работник, медицинска сестра, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор**, како и **бесплатни физиотерапевтски услуги**, со цел подобрување на здравјето, психосоцијалната поддршка и квалитетот на живот на корисниците.

Во **2025 година**, Здружението Центар за развој и едукација – Прилеп започна иницијатива за **воспоставување на нова социјална услуга – Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење во Прилеп**, во соработка со **општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени**. Оваа иницијатива има за цел да создаде простор за социјализација, активности и поддршка за старите лица, поттикнувајќи активно и достоинствено стареење во заедницата.

Со својата работа, организацијата континуирано придонесува за унапредување на системот на социјална заштита, развој на локалните заедници и создавање на поинклузивно и солидарно општество.

# Социјална услуга Помош и нега во домот

*За граѓаните со намален функционален капацитет и лицата со попреченост Здружението Центар за развој и едукација Прилеп во соработка со општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени ја обезбедува услугата Помош и нега во домот со поддршка на Министерството за социјална политика, демографија и млади.*

Примарната цел на услугата Помош и нега во домот е да овозможи квалитетна, професионална и достапна помош и поддршка од страна на обучени негуватели за корисниците да ја вратат, стекнат или одржат способноста самите да се грижат за себе, за да продолжат да живеат во сопствениот дом и да водат независен живот во заедницата.

Услугата Помош и нега во домот е достапна за лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица со навршени 65 години живот и други лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе,

Со воведувањето на услугата – Помош и нега во домот, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности кои опфаќаат помош при миење, облекување, исхрана, движење, хранење, медицинска терапија како основни, и помош во чистење и средување на домот, набавки за домот и сл. како инструментални активности) од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

Услугата се обезбедува од страна на 58 обучени и сертифицирани негуватели и/или медицински сестри кои им обезбедуваат поддршка на корисниците за здраво и пристојно стареење во нивните домови. Во текот на 2025 година за над 200 корисници е обезбедена услугата Помош и нега во домот, со финансиска поддршка на Министерството за социјална политика, демографија и млади.


ПОМОШ И НЕГА
ВО ДОМОТ




www.biblioprilep.org.mk
www.biblioprilep.org.mk
БИБЛИОТЕКА

# Проект **ТРАНСАКТ** – Трансформирање на глобалните општествени предизвици во реални локални активности

Проектот ТРАНСАКТ има за цел воспоставување на испорака на интегрирани социјални и здравствени услуги во домовите на корисниците, со фокус на поединци и семејства кои живеат во сиромаштија и имаат ограничен пристап до социјална и здравствена заштита.

Овој пилот-проект кој се спроведува во соработка со организации од Република Австрија, а со финансиска поддршка од Австриското Сојузно Министерство за труд, социјална политика, здравство, нега и заштита на потрошувачи, се фокусира на воспоставување на социо-здравствени услуги од страна на мобилни тимови составени од социјален работник, медицинска сестра, физиотерапевт и психолог, кои обезбедуваат сеопфатна грижа и поддршка за корисниците во нивните домови.

Услугите се достапни во општините Прилеп, Кривогаштани, Долнени и Градско. Потпишани се меморандуми за соработка со општините, а воспоставени се и партнерства со ЈЗУ Општа болница Прилеп, Центарот за јавно здравје Прилеп и Општинското средно медицинско училиште во Прилеп.

Во рамките на проектот е набавена опрема за физиотерапија, обезбедени се социјални пакети за поддршка (250 пакети) кои содржат храна и хигиенски средства, како и медикаменти за семејства кои се соочуваат со материјална депривација. Континуирана поддршка во воспоставувањето на услугите беше обезбедена од организациите од Австрија, а преку заедничка соработка беше развиена и програмата за имплементација на услугата.

При домашните посети, социјалниот работник подготвува индивидуален план за работа врз основа на проценка која вклучува преглед на медицинската документација, набљудување на условите во домот и разговор со потенцијалниот корисник и/или членовите на семејството. Социјалниот работник исто така обезбедува информации, советодавни услуги и поддршка при остварување на достапните социјални права и услуги.

Медицинската сестра обезбедува персонализирана грижа, која вклучува следење на виталните параметри, администрирање на медицинска терапија, комуникација со здравствени институции, третман на рани и поддршка за подобрување на мобилноста. Досега, најчеста потреба за медицински услуги е постоперативна нега и грижа за лица со хронични заболувања.

Физиотерапевтските услуги се меѓу најбараните услуги, особено кај лицата кои живеат во рурални средини. Овие услуги вклучуваат изработка на индивидуален план за

физиотерапија, рачна масажа – најчесто кај пациенти во рана пост-инсултна фаза, физиотерапевтски вежби и физиотерапевтски интервенции со професионална (мобилна) опрема, со континуирано следење на состојбата на локомоторниот систем на корисниците.

Со Услугата „Психолог во домот“ се обезбедува психолошка поддршка со цел подобрување на менталното здравје на корисниците, особено кај лица кои се соочуваат со депресија, деменција, анксиозност, Алцхајмерова болест, деца и млади со попреченост, шизофренија, жртви на насилство, како и семејства кои се соочуваат со социјални предизвици.

За деца и млади со попреченост се обезбедуваат и услуги од специјален едукатор и рехабилитатор. Овие услуги се прилагодени на децата и/или младите со попреченост и нивните семејства. Специјалниот едукатор и рехабилитатор соработува со мултидисциплинарните тимови за изработка на индивидуален план за работа согласно потребите и капацитетите на секој корисник.

За подетални информации за достапните услуги, креирана е платформата transact.mk.

Од април 2025 година до денес, интегрираните услуги се обезбедени за над 200 лица и семејства. Времетраењето на услугите зависи од потребите на корисниците и се движи од еден до девет месеци.

Во моментов, 15 професионалци се ангажирани во испораката на интегрираните социјални услуги: 1 социјален работник, 3 психолози,1 специјален едукатор и рехабилитатор, 3 физиотерапевти и 7 медицински сестри.




*Активности во рамки на проектот ТРАНСАКТ*

Работилница I со наслов „Медицинска сестра во заедницата – законска регулатива и добри практики од Република Австрија“ се одржа на 13.12.2024 година, во организација на Центарот за развој и едукација, во соработка со организацијата LEADER Forum Regio 3.





Работилница II – „Медицинска сестра во заедницата: насоки за воспоставување на услугата медицинска сестра во заедницата преку размена на знаење и активности“

Во организација на Здружението Центар за развој и едукација – Прилеп, работилницата „Медицинска сестра во заедницата – воспоставување на услуга Медицинска сестра во заедницата преку размена на знаење и активности“ се одржа на 11.04.2025 година во Прилеп, како хибриден настан.






Работилница III – Мониторинг и супервизија на услугата Медицинска сестра во заедницата

На 15ти септември се одржа третата онлајн работилница за услугата „ Медицинска сестра во заедницата “, преку платформата ZOOM, во организација на водечките партнери на проектот TRANSACT – организации од Република Австрија.




Работилница IV – Превенција на кардиоваскуларни заболувања во заедницата

По повод 29ти септември – Светскиот ден на срцето, во Градската библиотека во Прилеп се одржа работилница со едукативна панел-дискусија.




Работилница V – 30ти октомври 2025 По повод розовиот октомври – месецот посветен на борбата против рак на дојка се реализира настан со цел подигање на свесноста за женското здравје, како и важноста од обезбедување на услуги за поддршка на жени кои се соочиле со рак на дојка, На настанот свое излагање имаа Прим. др. Родна Јорданова специјалист по медицина на трудот која зборуваше за важноста од редовни прегледи и рана детекција, и психологот Сара Богдановска, која се осврна на психолошката поддршка и охрабрувањето на жените во процесот на лекување.






Работилница VI – 10.12.2025 год. Предавање под наслов "Дијалог за промена: Предизвици и решенија против родово базирано насилство" во склоп на 16 дена активнзам против родово базирано насилство, на кое се обратија д-р Аксиња Гарбеска-Кебакоска од ЈЗУ Центар за јавно здравје -Прилеп, педагог Гордана Вељаноска и Јасминка Митреска -

раководител на услуги од социјална заштита, и двете од ЈУМЦСР Прилеп, Александра Димитриеска од ОВР Прилеп, и психолог Сара Богданоска.

На настанот се отворија важни теми поврзани со родово базираното насилство и неговото влијание врз поединците и заедницата. Се дискутираше за предизвиците со кои се соочуваат жртвите, улогата на институциите, потребата од подобра поддршка и едукација, како и значењето на превенцијата. Беа споделени професионални искуства од луѓе кои директно работат со оваа проблематика, како и лични приказни што поттикнуваат разбирање, емпатија и акција.






**Студиска посета во Република Австрија**, 27-31 јануари 2025

Тимот на Здружение Центар за развој и едукација Прилеп заедно со градоначалникот на општина Прилеп, градоначалникот на општина Кривогаштани, градоначалникот на општина Долнени, претставници на Министерството за социјална политика, демографија и млади, и директорот на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Прилеп, оствариjа средби со даватели на социјални и здравствени услуги во Република Австрија со фокус на медицинска сестра во заедницата, но и останати услуги насочени кон подобрување на квалитетот на живот на лицата во социјален ризик.



**Експертска посета во Северна Македонија,** 27-29 мај 2025

Нашето здружение беше домаќин на партнер-организации од Република Австрија, меѓу кои и градоначалникот на општина Хернбаумгартен, г-дин Кристијан Франк, градоначалникот на општина Швахенштад и проектниот менаџер г-дин Стефан Нидермосер. Посетата се реализираше во рамките на проектот ТРАНСАКТ и опфати средби со нашето здружение, како и со институции со кои соработуваме.

За време на посетата, ги споделивме предизвиците и достигнувањата поврзани со испораката на услугата „медицинска сестра во заедницата“, како и обезбедувањето психолошка и социјална поддршка за граѓаните. Заедно со нашите партнери ги идентификувавме и новите можности за унапредување на овие услуги.





**Обука за членовите на тимот за грижа во заедницата**

Обука 1 - 04 април 2025, зајакнување на знаењата и вештините на тимовите кои обезбедуваат социјални и здравствени услуги во рамки на проектот **TRANSACT**



Обука 2 - 02 јули 2025, Психолошка прва помош и поддршка за менталната, емоционалната и физичката благосостојба на корисниците на социјални и здравствени услуги во домот





Обука 3 - 31 јули 2025, Физиотерапевт во домот: поддршка на опоравувањето, унапредување на подвижноста и подобрување на општата благосостојба на корисниците на социјални и здравствени услуги во домот





**Меѓународна конференција**

Во рамки на проектот TRANSACT, на 28ми мај 2025 година, во Прилеп се одржа меѓународна конференција посветена на темата: „Социјални и здравствени услуги во заедницата“. Конференцијата беше фокусирана на истражување на практични и скалабилни решенија со цел подобрување на пристапот до социјална и здравствена грижа, како и мобилизирање на заедниците за создавање одржливи модели на поддршка.

На конференцијата се обратија: Градоначалникот на општина Прилеп, Градоначалници од австриските општини Швахенштадт и Хернбаумгартен, Градоначалникот на општина Брезнички Хум од Хрватска, Претставници од Република Албанија и Србија, како и претставници на јавни установи и организации кои обезбедуваат социјални и здравствени услуги. Присутните учесници преку размена на искуства и добри практики придонесоа за промовирање на улогата на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор во унапредувањето на услугите за помош и поддршка на лицата во социјален ризик, и обезбедување на пристоен живот.










***Активности за заедницата***

На 27ми септември 2025 година, на Градскиот плоштад кај Градскиот часовник во Прилеп, се спроведе иницијатива за бесплатно мерење на гликемијата и витамин-минералниот статус, проследена со совети за здрава исхрана.





**Мрежно поврзување** и споделување на резултати и достигнувања од проектите поддржани од Австриското федерално министерство за труд, социјална политика, здравство, нега и заштита на потрошувачи на 25.09 2025г. во Скопје






**Средба со Комисијата за превенција и заштита од дискриминација**

Претставници на CDE – Прилеп, Црвен крст – Скопје, Kindness – Скопје и JHR – Скопје – организации поддржани од Австриското федерално министерство за труд, социјална политика, здравство, нега и заштита на потрошувачи, на 21 март 2025 година одржаа средба со Комисијата за превенција и заштита од дискриминација.



Меморандум за соработка со Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ – Прилеп







28 октомври 2025 година -Одбележување на „Розов октомври“ – Месец за подигање на свеста за ракот на дојка, во соработка со средно медицинско училиште “Ѓорче Петров” - Прилеп





Работилница за испорака и следење на квалитетот на интегрираните услуги во рамките на проектот ТРАНСАКТ на 13.11.2025 година во просториите на ЦЕД-Прилеп



**Учество на меѓународен форум** во Тирана, Албанија

На 17ти и 18ти ноември, во Тирана, Република Албанија, учествувавме на меѓународниот форум насловен „Иновативни социјални услуги – Пат кон инклузивност“, организиран од Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија, Федералното министерство за труд и социјални работи на Република Австрија и УНИЦЕФ Албанија.



Настан 9ти декември 2025 година, Општина Градско

Преку театарскиот перформанс „МаЖки проблеми, женска мака“ дадовме придонес во подигнувањето на свесноста за родово базираното насилство. Со овој настан се приклучивме кон глобалната кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство“потенцирајќи ја важноста од индивидуален и колективен ангажман за создавање средина во која секоја жена и девојка ќе се чувствува безбедно, почитувано и заштитено.





10ти декември 2025 година , **Одбележување на 10ти декември – Меѓународен ден на човековите права во Дневниот центар „Ѕуница“**





**Испорака на социјални пакети**

Во текот на месец декември 2025 година спроведовме иницијатива за обезбедување на 250 хуманитарни пакети со основни прехранбени продукти и хигиенски производи за социјално ранливи семејства. Оваа иницијатива значи поддрка, но и повик како заедница да дадеме индивидуален и колективен придонес за подостоинствен живот за лицата во социјален ризик.






Работилница за изработка на органски сапуни заедно со штитениците на дневните сентри за лица со попреченост, чија продажба има донаторски карактер.





**Едукативни работилници за деца – Здрава храна, за детство без мана**

Во текот на 2025 година беа реализирани едукативни работилници за деца на тема „Здрава храна – за детство без маана“, со цел подигнување на свеста за значењето на правилната исхрана и здравите животни навики уште од најрана возраст. Преку интерактивен пристап, децата имаа можност да научат за изборот на здрава храна, балансирана исхрана и придобивките од редовна физичка активност.






Како дел од активностите насочени кон поддршка на децата и зајакнување на нивната социјална и емоционална благосостојба, на 30.12.2025 беше реализирана претстава зе деца „Новогодишна случка во волшебната шума“.







Воспоставување на социјална услуга

# Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење

Во соработка со општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени со поддршка на Проектот на Светска Банка за Подобрување на социјалните услуги и Министерство за социјална политика, демографија, и млади.

Во текот на 2025 година се изврши реконструкција и адаптација на простор согласно Правилникот за начинот и обемот на социјланите услуги, нормативите и стандардите за давање на социјални услуги, и е подготвена потребната документација за лиценцирање на социјалната услуга.

Воспоставувањето на Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење претставува значајна социјална услуга која придонесува за подобрување на квалитетот на живот на постарите лица во заедницата. Со оглед на зголемувањето на бројот на лица над 65 години и ограничените институционални капацитети за нивна грижа, развојот на услуги во заедницата станува сè поважен за обезбедување достоинствено и активно стареење. После добивање на лиценца, оваа услуга ќе биде достапна за 48 корисници – стари лица кои живеат на територијата на трите општини Прилеп, Кривогаштани и Долнени.

Дневниот центар ќе овозможи простор каде постарите лица ќе можат да учествуваат во различни социјални, едукативни и рекреативни активности, да добијат психосоцијална поддршка, како и да воспостават и одржуваат социјални контакти. На овој начин се намалува социјалната изолација, осаменоста и ризикот од влошување на здравствената и психолошката состојба кај старите лица.

Дополнително, ваквиот центар придонесува за промоција на концептот на активно стареење, поттикнувајќи ги постарите лица да останат активни, вклучени и корисни членови на заедницата. Истовремено, услугата претставува поддршка и за семејствата кои се грижат за своите постари членови, олеснувајќи го секојдневното функционирање и подобрувајќи ја социјалната кохезија во локалната заедница.

Состојба на објектот:

ПРЕД









Фаза на реконструкција и адаптација









Финална фаза

















Заеднички активности во дневниот центар во соработка со СОУ “Ѓорче Петров” Прилеп








**Обука за негувател/ка за помош и нега на стари и немоќни лица**

Здружението Центар за развој и едукација – Прилеп, како верификувана институција, континуирано спроведува верификувана програма за „Негувател/ка за помош и нега на стари и немоќни лица“. Програмата за обука опфаќа четири модули, внимателно дизајнирани за оспособување на учесниците да обезбедуваат психо-социјална поддршка во институционални услови и во домашна средина, да помагаат во извршување на основни и инструментални активности кај старите и немоќни лица, како и да придонесуваат кон зачувување и унапредување на нивното здравје.

Во текот на 2025 година беа успешно реализирани две обуки, со вкупно 28 обучени лица, кои стекнаа релевантни знаења и практични вештини за квалитетно и одговорно извршување на оваа значајна професија.







**Проект - Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики на општина Градско**

Во ноември 2025 година Здружението го започна спроведувањето на проектот кој опфаќа Родова анализа на општинските програми и мониторингот на родово одговорното буџетирање, креирање препораки, и во заедничка соработка со претставници на ЕЛС Општина Градско заеднико делување за родово одговорно владеење.

Проектните активности ќе дадат практични знаења како родовите аспекти да се интегрален дел од локалните процеси и со тоа да се стави крај на нееднаквоста, притоа општината да ги има во предвид различните приоритети на жените и жените да спречува дискриминација и нееднаквост по било кој основ.

Проектот ќе и овозможи на општината примена на модел на суштинска рамоправност кој не е засегнат само од подеднакви можности туку од правичност на резултатите во имплементацијата на локалните политики и програми.






**eHelp.mk - Информативна и советодавна поддршка**

За граѓаните е достапна дигиталната платформа eHelp.mk – дигитален простор за давање совети и поддршка на мерките за социјална заштита, социјални услуги и вработување за граѓаните на Северна Македонија согласно националното законодавство и политики на земјата. Дигиталната платформа е дизајнирана за лесна пристапност на лицата со попреченост.

Достапна на македонски, албански и англиски јазик, и освен информативната содржина овозможува и комуникација со корисниците.



## Проект „Experience Science – Опремување на иновативен простор за учење во СОУ ‘Мирче Ацев’ Прилеп“

Во соработка со  Гимназијата „Мирче Ацев“ – Прилеп ЦРЕ- Прилеп ја реализираше проектната иницијатива „Experience Science – Опремување на иновативен простор за учење во СОУ ‘Мирче Ацев’ Прилеп“, со поддршка од Германската амбасада, со што се унапредени условите за реализација на наставата по физика, овозможени преку набавка на современа техничка опрема и SMART табла со цел развој на современ, инклузивен и одржлив образовен систем.

Во рамки на проектот се обезбедени над 40 нагледни помагала и инструменти, кои овозможуваат практична примена на наставните содржини и подлабоко разбирање на физичките појави. Со тоа се создаваат услови за поквалитетна, поинтерактивна и ученик-центрирана настава, која ја приближува физиката како фундаментална научна дисциплина до секој ученик.

Набавената опрема претставува значајна поддршка и за наставниот кадар, овозможувајќи поефикасно презентирање на сложени концепти преку демонстрации, визуелизации и современи наставни методи. SMART таблата дополнително ја збогатува наставата преку користење дигитални содржини, симулации и експерименти во реално време.

Од аспект на учениците, новите услови придонесуваат за поголема вклученост во наставниот процес, поттикнувајќи активно учење, експериментирање и развој на критичко размислување. На овој начин, физиката се трансформира од теоретски предмет во динамично и инспиративно искуство.





2025 година беше година исполнета со бројни активности, иницијативи и значајни резултати, кои го потврдуваат континуираниот развој и посветеност на Здружението Центар за развој и едукација. Во текот на годината, организацискиот тим бележеше постојан раст и зајакнување, следејќи го интензитетот на новите иницијативи и проширувањето на услугите.

Услугата „Помош и нега во домот“ успешно се реализираше под координација на три координаторки, во соработка со тим од 58 обучени негуватели, обезбедувајќи квалитетна и континуирана поддршка за корисниците. Паралелно, преку проектот „ТРАНСАКТ“ беше ангажиран професионален тим од 15 лица, кој овозможи интегрирани услуги за лица во социјален ризик, придонесувајќи кон нивна поголема социјална вклученост и подобрување на квалитетот на живот.

Иницијативите што се реализираа во текот на годината се резултат на посветената работа на проектниот тим, чија експертиза и ангажман беа клучни за нивниот успех. Особено значајна беше соработката со релевантните институции и партнери, вклучувајќи го Министерството за социјална политика, демографија и млади, општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп, Заводот за социјални дејности, како и бројни институции и организации од земјата и Европа.

Реализацијата на активностите беше овозможена благодарение на поддршката од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Австриското сојузно министерство за труд, социјална политика, здравство, нега и заштита на потрошувачи, Проектот за подобрување на социјалните услуги поддржан од Светска Банка, како и од други донатори и поддржувачи. Оваа силна партнерска мрежа претставува основа за понатамошен раст, одржливост и унапредување на услугите што ги нуди организацијата.

Со вакви резултати, 2025 година претставува цврста основа за идниот развој, поттикнувајќи нови можности за проширување на влијанието и унапредување на социјалните услуги во заедницата.

